23

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ - - SEKRETARIATI I PËRGJITHSHËM -

Пчеларско здружение „Пчела“ Куманово

(Име на здружението/ фондацијата)

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: 13-01-2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 19 | 0/1 | / | / |

Врска 09-014/102/3-21

# ЗАВРШЕН ОПИСЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

## ДА ИМ ПОМОГНЕМЕ НА ПЧЕЛИТЕ

(Име на проектот)

Куманово, 04. 01. 2022 година
(место) (датум)

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на договор за обезбедување на финансиска поддршка | 19-114/2 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Пчеларско здружение „Пчела“ Куманово |
| Наслов на проектот | ДА ИМ ПОМОГНЕМЕ НА ПЧЕЛИТЕ |
| Период на спроведување на проектот | од 23.07.2021 година до 31.12.2021 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Горан Митевски |
| Проектен менаџер | Горан Митевски |
| Телефон и е-пошта за контакт | 076 202022, pzpcela.ku@gmail.com, goranm67@gmail.com |
| Цел на проектот | Намалување на негативните влијанија на климатските промени во животната средина со посебен осврт на секторот пчеларство во Република Северна Македонија |
| Целна група | Одгледувачи на пчели, училишна популација, останата поширока популација од општините Куманово, Старо Нагоричане и околните рурални населби |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Североисточен регион, Општина Куманово, Општина Старо Нагоричани |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување на финансиска поддршка) | 600000 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | _599497_ ден. |

**2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)**

Главната цел на проектот е намалување на негативните влијанија на климатските промени во животната средина со посебен осврт на секторот пчеларство во Република Северна Македонија. За остварување на оваа цел се спроведоа повеќе активности како теоретски преку презентации и дискусии така и практични работилници на терен. За реализација на овие активности првин беше формиран проектен тим и ангажман на експерти од областа на пчеларство и шумарство.

Беше организирана практична работилница на терен на пчеларник во с. Бајловце каде пчеларите беа запознаени со примена на алтернативна замена на природна храна во период кога на пчелите им е најпотребна. За успешна примена на оваа активност беа поделени погачи со заменски полен на сите членови на пчеларското здружение кои ќе ги употребат кога на нивните пчели им е најпотребно. Одржани 2 теоретски работилници со ppt презентација за ученици од ДСУ-ЦСОО „Киро Бурназ' Куманово кои беа информирани за улогата и значењето на медоносните пчели, за биодиверзитетот, негативното влијание на климатските промени врз опстанокот на медоносните пчели како и предлог мерки за справување со проблемите резултат на настанатите климатски промени. Организирана практична работилница на пчеларник во с. Макраш, Старо Нагоричани за одгледувачи на пчели, каде пчеларите беа обучени за правилно засадување и понатамошно негување на медоносните дрвја потребни на пчелите. Во контекст на ова работилница беа набавени и поделени садници од медоносни дрвја кои беа поделени на членовите на здружението кои ги засадија во своите пчеларници. И на крај се одржаа 2 теоретски работилници со ppt презентација за пчелари и поширока популација од рурална средина на тема да им помогнеме на пчелите со примена на повќе апитехнички методи како и едукација за важноста на медоносните дрвја за пчелите и животната средина воопшто.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**
Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| Припремни активности | Формирање на проектен тим (координатор и асистент на координаторот), контакт и потпишување на договори со експерти за ангажман на проектот, изработка на пропаганден материјал, | Август-септември 2021 | Потпишани договори со координатор, асистент и ангажирани експерти. |
| Практична работилница со одгледувачи на пчели-Практично демонстрирање на директни мерки за справување со климатските промени | Организирана практична работилница на пчеларник во с. Бајловце, Старо Нагоричани за одгледувачи на пчели. | 26.09.2021 | Информирани 42 одгледувачи на пчели за примена на цврста прихрана (погачи) со заменски полен (FeedBee формула) како еден од методите за справување со настанатите проблеми во пчеларскиот сектор како резултат на климатските промени. |
| Дистрибуција на пакети со заменска цврста прихрана за медоносните пчели (погачи) со заменски полен за членовите на здружението, учесници во проектот. | Организирана дистрибуција на пакети со заменска цврста прихрана за медоносните пчели (погачи) со заменски полен за членовите на здружението, учесници во проектот. | 26.09.2021 | Дистрибуирани 75 пакети (секој пакет составен од 10 погачи) со заменска цврста прихрана за медоносните пчели (погачи) со заменски полен. Вкупно дистрибуирани 750 погачи. |
| Тематска работилница за ученици-Значење на медоносните пчели за биодиверзитетот. | Одржана теоретска работилница со ppt презентација за ученици од средните училишта. | 15.10.2021 | Едуцирани 36 ученици од III и IV година од ДСУ-РЦСОО „Киро Бурназ“-Куманово за улогата и значењето на медоносните пчели за биодиверзитетот, влијанието на климатските промени врз опстанокот на медоносните пчели како и предлог методи за справување со настанатите проблеми како резултат на настанатите климатски промени. |
| Тематска работилница за ученици-Значење на медоносните пчели за биодиверзитетот. | Одржана теоретска работилница со ppt презентација за ученици од средните училишта | 28.10.2021 | Едуцирани 13 ученици од III и IV година од ДСУ-РЦСОО „Киро Бурназ“-Куманово за улогата и значењето на медоносните пчели за биодиверзитетот, влијанието на климатските промени врз опстанокот на медоносните пчели како и предлог методи за справување со настанатите проблеми како резултат на настанатите климатски промени. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Практична работилница со одгледувачи на пчели- Практично демонстрирање на засадување на дрвја како мерка за справување со климатските промени. | Организирана практична работилница на пчеларник во с. Макраш, Старо Нагоричани за одгледувачи на пчели. | 14.11.2021 | Обучени 44 пчелари за техника на засадување на дрвја и нивното одржување преку година |
| Дистрибуција на садници од медоносни дрвја и грмушки за членовите на здружението, учесници во проектот. | Организирана дистрибуција на садници од медоносни дрва и грмушки за членовите на здружението, учесници во проектот. | 27.11.2021 | Дистрибуирани 1217 садници од медоносни дрва и грмушки, односно на секој член по 16 садници |
| Пошумување со садници од медоносни дрва и грмушки | Засадување на доделените садници на пчеларниците на пчеларите учесници на проектот. | 28.11 -3.12. 2021 | Засадени вкупно 1217 садници на 80 лакации |
| Теоретско едукативна работилница и тематска дискусија со пчеларите и пошироката популација од руралните средини | Одржана теоретска работилница со ppt презентација за пчелари и поширока популација од рурална средина | 9.12.2021 | Едуцирани 32 пчелари и граѓани на Куманово како да им помогнеме на пчелите |
| Теоретско едукативна работилница и тематска дискусија со пчеларите и пошироката популација од руралните средини | Одржана теоретска работилница со ppt презентација за пчелари и поширока популација од рурална средина | 16.12.2021 | Едуцирани 35 пчелари и граѓани на Куманово за значење на медоносните дрвја во борбата против негативното влијание на климатските промени и заштита на пчелите. |

**4. Проблеми во спроведување на проектот (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и нивно решение и како тоа влијаело на остварување на резултатите и целите на проектот)**

Единствен проблем во реализација на предвидените активности беа протоколите за заштита од корона вирусот и не бевме во можност да обезбедиме поголема број на слушатели од пошироката јавност на нашите теоретски презентации , но сепак преку медиумите и преку пропагандниот материјал што го поделивме успеавме да допреме до граѓаните и ги информираме за нашиот проект и важноста на животната средина и пчелите за опстанокот на животот на оваа планета.

**5. Видливост и јавност (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиумите за проектот и сл.)**

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

**6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот**

Цениме дека нашиот проект е успешно завршен и се остварени сите зацртани цили. Обучени се повеќе пчелари за примена на нови мерки и методи со цел да им помогнеме на пчелите. Исто така обучени се пчеларите за карактеристиките и значењето на поважните медоносни дрвја и нивно

засадување и негување. Информирани се повеќе ученици средношколци и граѓани од поширокота јавност за значење на биодиверзитот, пчелите и животната средина како и мерки за заштита на животната средина.

Во иднина ќе продолжиме по сега зацртаниот пат заштита на пчелите, пошумување со медонсни дрвја и постојана едукација како на пчеларите така и на учениците и граѓанството воопшто.

## 7. Финансиски извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според доставениот ревидиран буџет на проектот) | Реализирани трошоци | Забелешка | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| **I. Вработени (вкупно)** | | | | |
| Плати | | | | |
| Придонеси и даноци од плати | | | | |
| Надоместоци и хонорари | 92550 | 92250 | координатор и асистент (договор) | |
| Придонеси и даноци од надоместоци и од хонорари | 9255 | 10250 | | + 995 |
| **II. Патни трошоци (вкупно)** | | | | |
| Транспорт | 12340 | 12340 | јоцо-турс ф-ра бр.403/21 | ✓ |
| Хотелско сместување | | | | |
| Дневници | | | | |
| **III. Опрема (вкупно)** | | | | |
| ИТ - опрема | 12340 | 12340 | софт-мак ф-ра бр.1448 | ← 13.51 |
| Мебел | | | | |
| Друга опрема (специфицирај) | | | | |
| **IV. Канцелариски материјали (вкупно)** | | | | |
| Канцелариски материјали | 6170 | 6170 | софт-мак ф-ра бр.1448 | |
| Други трошоци (специфицирај) | | | | |
| **V. Други директни трошоци (вкупно)** | | | | |
| Трошоци за комуникација Интернет | 3100 | 3100 | ТВ Плус ф-ра бр. | |
| Банкарски провизии | 3000 | 1985 | изводи | – 1015 |
| **VI. Индиректни трошоци (вкупно)** | | | | |
| Користење канцеларија | | | | |
| Други индиректни трошоци (специфицирај) | | | | |
| **VII. Специфични трошоци поврзани со програмата (вкупно)** *– искористете ги овие ставки и, доколку е потребно, додадете детали или ставки што се релевантни за вашата програма* | услуги 348.745 | 348.562 | | – 18.3 |
| Договори за услуги (експерти) | 138825 | 138676 | (договори со експерти) | |
| Договори за услуги (кетеринг) | 24760 | 24760 | баба-цана, ф-ра бр.1107/21 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Договори за услуги (садници) | 166650 | 166616 | симви компани, ф-ра бр.03/21; урбан планет ф-ра бр.61/2021; чистота и зеленило, ф-ра бр. |
| Договори за услуги (пропаганден материјал) | 18510 | 18510 | микрографикс, ф-ра бр.544/21 |
| Изнајмување простории за организирање настани | | | |
| Публикации | | | |
| Конференции и работилници (погачи за прихрана) | 112500 | 112500 | Фидби комерц, ф-ра бр.36/021 |
| Комуникациски продукти | | | |
| **Вкупни трошоци (I+II+III+IV+V+VI+VII)** | 600000 | 599497 | |

Согласно член 10 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка како неоправдани трошоци се сметаат: инвестиции во капитал, заеми, камати, глоби и трошоци за судски постапки, набавка на користена опрема, трошоци за дополнително здравствено и пензиско осигурување (освен задолжителното), трошоци за бонуси кон вработените, трошоци кои веќе се финансираат од други (јавни) средства во текот на спроведувањето на проектот, придонес во натура, трошоци кои не се во согласност со Договорот или целите на проектот.

## 8. Документација
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

Согласно член 10 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

Горан Митевски , претседател

Куманово , 04. 01 . 2022 год.

(Место) (датум)

(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

М.П.

Пчеларско здружение ПЧЕЛА Куманово

(Потпис)